2и673

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
Isečak iz lista
Newspaper cutting
11. NOV. 1978 , 4783/10

*ИЗЛОЖБИ:*

# НОВИ ВРЕДНОСТИ

**(ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ)**

**Традиционалната годишна изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија** ја разгледав неколку дена по разгледувањето на **Октомврискиот салон** во Белград, кадешто беа собрани најзначајните остварувања на белградските уметници во текот на минатата година, впрочем, како што изложбата на македонските уметници ги претставува најновите вредности што настанаа во текот на минатата година кај нас. Така можев да направам една соодветна споредба меѓу резултатите на уметниците од југословенската престолнина и на македонските сликари, скулптори, графичари итн.

Во таа споредба, слободно можам да кажам дека она што го прават македонските уметници е на исто, или барем на исто квалитативно ниво, израмнувајќи се дури и во широкиот репертоар на разните стилски и тематски настојувања, како и во разните технолошки постигања и интересирања. **Веќе се наоѓаме во една етапа кога можеме да зборуваме за еден о п ш т карактер на југословенското ликовно творештво, па некои нови вредности, на пример, во македонската ликовна активност, автоматски стануваат и нови вредности на целото југословенско ликовно творештво.**

Иако на изложбата на ДЛУМ, за жал, не зедоа учество многу уметници, особено од поафирмираната генерација, сепак, она што е застапено тука, нè уверува во потенцијалниот подем на новата македонска уметност, еден подем каков што досега сигурно не сме имале од ослободувањето наваму. Имено, и порано постоеја изразити личности во нашата уметност, дури и такви кои се апсолутно незаменливи во македонската повоена уметност, но во овој степен на развитокот на нашата уметност, имаме најголем број моќни значајни творци, кои афирмираат разни кај нас сè уште непознати визуелно-естетски области и форми, богати и извонредни содржини, големи амбиции, прекрасни чувства и идеи, што ја збогатуваат целокупната наша национална култура и целокупниот општествен живот, **зашто уметноста веќе не е привилегија само на една група интелектуалци и упатени, туку таа длабоко проникнува и во широките маси, станувајќи сопственост на целото општество, на целиот демократски и самоуправен систем на нашата земја.**

Уметниците се свесни за таа нивна општествена улога, па затоа во своите дела внесуваат безброј моменти и аспекти од современиот живот, од сегашните човекови страсти и мисли, од секојдневните видувања и настојби, **и со соодветните средства на ликовната технологија, сето тоа го издигнуваат на еден восприемлив естетски степен, правејќи ги поблагородни сите карактеристични облици на модерниот живот и помагајќи му на човекот да најде убавина и услуги дури и во најбаналните предмети и објекти.** Ако ја формулираме во една реченица н о в а т а  в р е д н о с т на македонската уметност, тогаш ќе биде доволно да кажеме дека **таа се состои во сè поголемото и сè позначајното приспособување на уметноста кон новите вредности на целокупниот современ живот,** што се забележува особено во оваа последна изложба на членовите на Друштвото на ликовните уметници.

**Паскал Гилевски**